**СООПШТЕНИЕ ЗА ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКИ РАБОТИ,**

**МАГИСТЕРСКИ И ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

**НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО (ДИСПЕРЗИРАНИ СТУДИИ БИТОЛА И СТРУГА)**

Почитувани,

Врз основа на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Службен весник на РСМ бр.134/2020), Ве информираме дека се овозможува одбрана на дипломски работи и магистерски и докторски трудови со физичко присуство на студентите.

Се задолжуваат студентите, Комисиите и сите присутни лица да ги почитуваат мерките за задолжително физичко растојание од 2 метри, така што ќе седат на определените места во просторијата за одбрана.

За времетраењето на одбраната присутните лица должни се да носат заштитни маски.

На влезот на просторијата ќе бидат поставени средства за дезинфекција на раце и корпи за отпадоци.

Просториите почесто ќе се проветруваат, по можност за време на одбраната и задолжително во текот на паузите.

По завршувањето на одбраната просторијата се чисти и дезинфицира со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција за горни површини.

При спроведувањето одбраните задолжително да се почитуваат важечките мерки и протоколи за спречување на внесување и ширење на Covid-19, донесени од Владата на Република Северна Македонија и Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

ДЕКАНСКА УПРАВА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - КИЧЕВО